IDSCS | Институт за демократија
Социетас цивилис - Скопје

# Јавна реакција против негативната кампања против граѓанскиот сектор

Институтот за демократија „Социетас цивилис“ Скопје реагира на нападите од одредени политички партии, политичари, медиуми и здруженија на граѓани врз граѓанските организации во Македонија во рамки на кампања која се спроведува под слоганот „десоросоизација“.

**Институтот за демократија се согласува дека работата на граѓанските здруженија подлежи на критика, но единствено доколку таа е аргументирана и заснована на докази. Тоа во оваа кампања не е случај.** Досега не се понудени проверливи аргументи во прилог на тврдењата против граѓанскиот сектор.

Во оваа насока сметаме дека **самата идеја за граѓанското општество е нападната преку шпекулации, етикетирања и закани**. **Предупредуваме дека оваа кампања го загрозува уставното право на граѓанско здружување и јавно искажана критика**. Дополнително, може да предизвика конкретни напади врз членови на граѓански организации и иницијативи. Сето ова носи несогледливи негативни последици по државата и општетството.

**Граѓанските организации** од независноста на Македонија досега **играа исклучително важна и конструктивна улога и беа вклучени во сите важни етапи од нејзиниот развој**. Граѓанското општество директно учествува во подобрување на животот на граѓаните или во соработка со државните институции.

Помеѓу другите активности, граѓанските организации беа клучни во неколку важни промени:

1. Меѓуетничкото помирување;
2. Намалување на дискриминацијата на социјално ранливи групи;
3. Обезбедување на вештини за полесно вработување на невработените;
4. Подигање на свеста за загадувањето на животната средина;
5. Поефикасно и отчетно трошење на јавните пари на граѓаните.

Истовремено, во значаен дел од проектите беа вклучени државни институции и политички партии, на кои им градевме вештини, знаења и инфраструктура, за тие да им понудат подобри услуги на граѓаните. Државата, политичките партии и граѓанското општество се партнери и треба да градат сојузништво насочено кон квалитетни промени. **Сојузништво, кое подразбира и процеси на набљудување и критика за да се обезбеди напредок. Ова право на критика никој не смее да го оспори и оневозможи.**

Со почит,

ИДСЦС

МК
Број 1001-050/17
Скопје, 10.02.2017

Теодосиј Гологанов 42А/3 и 42А/4
1000 Скопје Македонија
Тел/Факс: +38923094760
facebook.com/IDSCS
contact@idscs.org.mk
idscs.org.mk